- Пламен Георгиевски – заменик член од Министерство за локална самоуправа,

- Татјана Васиќ Бозациева – член од Министерство за здравство,

- Горан Кочински – заменик член од Министерство за здравство,

- Филорета Камбери – член од Министерство за економија,

- Суат Незири – заменик член од Министерство за економија,

- Мустафа Салиу – член од Министерство за образование и наука,

- Кети Костовска – заменик член од Министерство за образование и наука,

- Изет Ризаху – член од Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците,

- Атула Касуми – заменик член од Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците,

- Стевче Дечев – член од Министерство за животна средина и просторно планирање,

- Кузман Куновски – заменик член од Министерство за животна средина и просторно планирање,

- Анастасија Кукоска Јованоска - член од Министерство за култура и

- Фросина Ѓоршовска – заменик член од Министерство за култура.

Член 4

Работната група се формира заради изготвување изменувања и дополнувања на закони во врска со дигитализација на процесите поврзани со соодветните постапки утврдени со закон.

Работната група на секои три месеци, од денот на нејзиното формирање, поднесува информација до заменикот на претседателот на Владата задолжен за борба против корупција, за одржлив развој и човечки ресурси, за степенот на прогрес на спроведените активности.

Член 5

Работната група одржува и консултации со засегнати страни од области поврзани со дигитализација на процеси поврзани со соодветните постапки утврдени со закон.

Член 6

За одредени специфични прашања во врска со дигитализација на процесите поврзани со соодветните постапки утврдени со закон, на покана на координаторот или заменик-координаторот, во работата на Работната група може да се учествуваат и претставници на органите на државната управа, академската заедница, како и стручни лица од областа на дигитализацијата.

Член 7

Административно-техничките работи за потребите на Работната група ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Член 8

Работната група за својата работа најдоцна до 31 декември доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија.

Член 9

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 40-4766/1 | Претседател на Владата |
| 20 април 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**1370.**

**К О Н К У Р С**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ИЗВРШИТЕЛИ**

Врз основа на членовите 34 и 74 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16, 142/16, 233/18 и 14/20), Министерството за правда распишува Конкурс за именување на шест извршители за:

- подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје – еден извршител на местото на извршителот Александар Тасевски;

- подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје – еден извршител на местото на извршителот Александар Пулејков;

- подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје – еден извршител на местото на извршителот Весна Младеновиќ;

- подрачјето на Основниот суд во Битола и Основниот суд во Ресен – еден извршител на местото на извршителот Милица Николовска;

- подрачјето на Основниот суд во Тетово – еден извршител на местото на извршителот Арифи Џемајљи и

- подрачјето на Основниот суд во Велес, Основниот суд во Гевгелија, Основниот суд во Кавадарци и Основниот суд во Неготино – еден извршител.

1. Кандидатот за извршител треба да ги исполнува условите предвидени во членот 33 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), и тоа:

1. да е државјанин на Република Северна Македонија

2. да е деловно способно и да има општа здравствена способност, што се докажува со уверение издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот;

3. да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити на правни сутдии според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);

4. да има положено правосуден испит;

5. да има положен испит за извршител;

6. да има работно искуство на правни работи најмалку пет години по завршувањето на правни студии VII/1 степен или 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);

7. активно да го владее македонскиот јазик;

8. да не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, или да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;

9. да даде изјава пред нотар дека ќе обезбеди опрема и простор кои се потребни и соодветни за вршење на извршни работи и

10. да даде изјава пред нотар за својата имотна состојба, со сите последици од давање на лажен исказ.

2. Заинтересираните кандидати кон пријавата треба да приложат: кратка биографија, уверение за државјанство, уверение за деловна способност, лекарско уверение за општата здравствена состојба издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот кое не е со изминат рок од 12 месеци, диплома за завршен правен факултет, уверение за завршен правен факултет, доказ за работно искуство односно потврда за работно искуство на правни работи по завршување на правни студии, уверение за положен испит за извршител, уверение за положен правосуден испит, уверение за неосудуваност, уверение дека не му е изречена казна забрана за вршење на професијата извршител, изјава заверена кај нотар дека ќе обезбеди опрема и простор кои се потребни и соодветни за вршење на извршните работи и изјава заверена кај нотар за својата имотна состојба.

3. Рокот за пријавување на заинтересираните кандидати е 15 дена, сметано од денот на објавување на Конкурсот во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

4. Пријавите со прилози (во оригинал или фотокопии заверени кај нотар) со кои се докажува дека се исполнети условите за именување на извршител, предвидени во членот 33 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16, 142/16, 233/18 и 14/20), се поднесуваат писмено до Комората на извршители на Република Северна Македонија.

5. Извршителот кој ќе биде именуван на местото на извршителот чија должност престанала ќе ги преземе предметите и ќе продолжи со работа во канцеларијата на извршителот чија должност престанала.

Бр. 09-1134/1
21 април 2021 година
Скопје

Министер за правда,
м-р **Бојан Маричиќ**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**1371.**

Врз основа на член 13 став (4) од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20 и 85/21) министерот за финансии, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА МЕСЕЧНИТЕ АКОНТАЦИИ НА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД ОСТВАРЕН ОД ВРШЕЊЕ НА САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на барањето за ослободување од плаќање на месечните аконтации на данокот на личен доход остварен од вршење на самостојна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 292/20) во членот 2 во ставот 1 зборовите „образец „ДЛД-ОМА/1“ “ се заменуваат со зборовите „образец „ДЛД-ОМА/2“ “.

Член 2

Прилогот се заменува со нов Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-2960/1
22 април 2021година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Фатмир Бесими,** с.р.